27.10.2013, 17:44

# ИНТЕРВЈУ - ВЕЧЕРА ОЧИ В ОЧИ Е ОНА ШТО НИ ТРЕБА



**Филип Фидановски, уметникот кој ги открива можностите на керамиката, на тајна вечера успешно постави еден спроти друг, 12 лика**

Катерина Богоева

Ликовниот уметник, керамичарот Филип Фидановски, како и со досегашните свои изложби, така и со последната „Тајната вечера“, отворена во Галеријата на Државното средно училиште за ликовна уметност и дизајн „Лазар Личеноски“, на несекојдневен начин го свртува вниманието кон своите опсервации на внатрешните и надворешните, толку присутни, а сепак малку видливи случувања. На покриена маса со црн чаршав, тој постави 12 бели керамички чинии со пресликани ликови и понуди артистички концепт кој отвора можност за многу размисли за меѓучовечките комуникации, за потребата од седнување на маса еден спроти друг, за размената на енергии, не преку Фејсбук и мобилен, туку очи во очи. Невообичаените портрети, сите женски освен неговиот, се многу успешно доловени, а со нив и посакуваната атмосфера во просторот. Црно – бели керамички плочки, но 24 по број, со нему значајни ликови, тој пред две години изложи во „Галерија 8“ во Безистенот во Старата скопска чаршија. Тогаш на концептуален начин си поигра со броевите од часовникот, а да потсетиме дека и таа изложба наиде на одглас во јавноста, не само поради препознатливите градски лица, туку и поради авторовата инвентивност и успешност во изработката на делата. За работата на чиниите во „Тајната вечера“, Фидановски вели: „Станува збор за класична керамичка техника во која делата се прикажани, т.н. принцип на пресликачи која вообичаено се употребува во индустријата, на пример на скапите сервиси за ручање кои ги прават и познатите фабрики како Розентал, чешкиот порцелан. Но тука јас истата техника ја преточив во уметничко дело,

Електронско издание



ДЕНОТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

НАЈНОВИ ВЕСТИ

- ВРХОВЕН ПОВТОРНО ЌЕ РАСПРАВА ДАЛИ "БОМБИТЕ" МОЖЕ ДА БИДАТ ДОКАЗ
- ВО ШВАЈЦАРИЈА ИЗГЛАСАН ЗАКОН ПРОТИВ НУКЛЕАРКИ
- КРИВИЧНИ ПРИЈАВИ ЗА ПРИЛЕПСКИОТ ГРАДОНАЧАЛНИК МАРЈАН РИСТЕСКИ И ЕКС МИНИСТЕРОТ ДИМЕ СПАСОВ
- ПЕРО АНТИЌ И ФЕНЕРБАХЧЕ ЕВРОПСКИ ШАМПИОНИ
- ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ ВО ХРВАТСКА: БАНДИЌ СО МАЛА ПРЕДНОСТ ЗА ЗАГРЕБ

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

21° СКОПЈЕ ВРЕМЕ

Облачно

| ПОН | ВТО | СРЕ | ЧЕТ | ПЕТ |
|---|---|---|---|---|
| 22 | 23 | 20 | 20 | 20 |
| САБ | НЕД | ПОН | ВТО | СРЕ |
| 20 | 22 | 22 | 25 | 26 |

овозможено од Yahoo! Weather

НАЈЧИТАНИ | НАЈКОМЕНТИРАНИ

- Малиот Павел се пробуди од вештачката кома
- Уставниот суд се премисли и ја симна забраната за барок на ГТЦ и МОБ
- Кривични пријави за прилепскиот градоначалник Марјан Ристески и екс министерот Диме Спасов

во поинаква конотација. Делото е блиску до она што го работел Енди Ворхол и со гордост и кажувам дека тоа ми беше и еден од мотивите, само што разликата е многу голема, помеѓу она што е Ворхол и ова што јас го направив. Знаејќи колкави се познавањата на сите останати автори кои се обиделе да работат во оваа техника, горд сум што делото комплетно, од почетокот до крајот, го изведов самиот, без помош од соработници или графички техничари, од подготовката на фотографиите, нивната компјутерска обработка, се до печењето на порцеланот. Единствено си забележувам дека чиниите се купени, но тоа не е толку важен фактор, чинија е сепак чинија", вели авторот, кој е и професор во истото училиште каде и е поставена „Тајната вечера". „Главната порака која сакам да ја испратам од изложбата е дека треба да се почитуваме едни со други. Почитта не доаѓа само од секојдневната комуникација, и така тоа го правиме на различни начини, по телефон, преку интернет, Фејсбук, но ја заборавамe вредноста на присуството и допирот на човек со човек. Не мислам на физичкиот допир, туку на допирот на енергии кои струјат во воздухот кога луѓето се присутни, без разлика дали се двајца или повеќе луѓе во една просторија. Новите технологии и новото време толку не оддалечи што стануваме задоволни ако на мобилниот телефон ни се појави фотографијата на оној што не бара, а го заборавивме чувството да го доживееме тој човек тука, пред нас .Треба да одвоиме време за тоа". Тој посочи дека „Тајната вчера" не е тајна и дека на неа не случајно се одбрани неговите најблиски пријатели и роднини. Дел од нив, вели Фидановски не ни знаеле за тоа, се додека не си го виделе ликот на масата.



Оваа изложба нагласува авторот е дел од негов творечки концепт поделен на три дела. "'Првиот', изложбата 'Време за' требаше да биде втор, а „Тајната вечера" прв дел, но малку го изменив течението на она што требаше да биде кажано, а за одреден период треба да следи и трет дел, поразличен од првите два, кој постои во мојата глава со што и ќе го заокружам овој циклус. Но за неговата изведба треба да помине подолго време, бидејќи бара повеќе ангажман и финансии", рече Фидановски. На нашата забелешка дека јавноста во Македонија генерално е навикната портретот да го восприема како масло на платно, тој дополни: „Навикната е да го восприема и како биста, скулптура и, како масло на платно или пастел. Тоа е стандардно, но еве сега и поинаков портрет на човек. Изложените чинии се уникатни парчиња, иако во самата изработка се направени повеќе пресликачи од еден лик, бидејќи технологијата во керамиката покажува дека се случуваат и дефекти. Може некоја чинија при печење да пукне, затоа имаше по неколку парчиња од секој лик, но овие се уникатните и оригиналните, бидејќи се истрошија сите ресурси на ликови", забележа авторот.

А Ана Мартиноска, во текстот за „Тајната вечера" под наслов „Пресликување на душата", меѓудругото мошне добро ќе го потенцира она што Филип Фидановски, самиот не го става во прв план кога говори за своето најново дело, фактот дека неговиот лик на масата е опкружен со ликови на 11 жени, како што вели таа, „со нему блиските дами". „Интригира загатката зошто сите ликови освен авторовиот се женски? Иако можеби сосема случаен избор, тоа сепак ја отвора родовата призма низ која Фидановски се поставува наспроти жените во неговиот живот, воспоставувајќи преку заедничката вечера ментална релација на мисли, чувства, идеи и сензации. Се чини дека можеме да ја насетиме радоста од пресликување на тајната на својата душа низ женски принцип, како комплементарност на машкиот во постигнување на целовитост во природата, за заедно да се одразуваат во сите манифестации на животот и уметноста. Ако дополнително ова го врземе и со келтската митологија и дванаесетте витези на кралот Артур, тркалезната маса директно

Deutsche Welle
Прославени титулите во Минхен и Мадрид
Северна Кореја: Секоја недела една ракета?
Договор за владата до крајот на неделава?

не' асоцира и на еднаквиот статус на сите кои седат околу неа , што пренесено во оваа авторска приказна е моќен симболички израз на родовата сензитивност и ексклузивност", вели Мартиноска.

Статијата е прочитана 804 пати.

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.
Сподели

Испрати коментар

## ОСТАНАТИ ВЕСТИ

**„Вондерленд театар" ги шири видиците**
**Галеријата е достапна за сите**
**Изданија на македонски јазик во книжарниците на „Лагуна" и „Делфи"**
**(ФОТО) „Фауст" во режија на Марио де Карло**

период од-до 2006 - 2014

Утрински весник

ONLINE ИЗДАНИЕ
Вести
Магазин
Спорт
Култура

ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ
Политика
Македонија
Економија
Хроника
Коментари
Свет
Култура
Спорт
Скопје
Забава
Хороскоп

ПРИЈАТЕЛИ
Дневник
Вест
Теа Модерна
Огласник 24

МАРКЕТИНГ

POWERED BY nextsense

РЕДАКЦИЈА

ул. "Васил Ѓоргов" бр.16, четврти кат

Тел. 3236 900
Факс. 3236 901
E-mail: contact@utrinski.com.mk

© 2006-2014 Утрински весник, сите права задржани